Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 од Законот за Младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/20), а согласно Правилникот за стандарди за квалитет на младинските центри бр. 12-923/1 од 07.04.2021 година донесен од Агенција за млади и спорт и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот Општина Велес,

Советот на Општина Велес на 63-та седница одржана на ден 22.04.2025 година, донесе

# ОДЛУКА
## за утврдување на услови за избор на Младинска организација или Организација за млади за раководење со Младински центар во Велес

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат условите за избор на Младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес.

**Член 2**

Младинскиот центар во Велес е место каде се подготвуваат и спроведуваат програми кои ја подобруваат благосостојбата на младите, развојот на личниот, социјален и професионален живот на младите, информации од важен интерес за младите и други аспекти од животот на младите, согласно член 22 од Законот за Младинско учество и младински политики.

**Член 3**

Општина Велес, преку Јавен повик избира Младинска организација или Организација за млади која ќе раководи и управува со Младинскиот центар во Велес, за период од 3 години.

**Член 4**

Услов кој треба да го исполнува организацијата е Младинската организација или Организација за млади да биде регистрирана согласно Законот за здруженија и фондации во Регистарот на младински организации и организации за млади при Агенцијата за млади и спорт и Централен регистар на Република Северна Македонија со прилог Тековна состојба не постара од 6 (шест) месеци

**Член 5**

Младинските организации и Организации за млади, што ќе аплицираат на Јавниот повик, се должни да поднесат:

- Портфолио на Младинската организација или Организација за млади која се пријавува на Јавниот повик, во кои јасно ќе се гледа нивниот придонес и работа во сферата на младинската работа;
- Биографии на сите лица кои ќе бидат ангажирани во спроведување на годишната програма – квалификувани младински работници врз основа на Националното портфолио за младински работници;
- Доставување на годишна програма за раководење со центарот, разложена по годишна програма со активности со финансиска конструкција согласно определениот годишен буџет за раководење со центарот;

Програмата во себе треба да содржи активности за вклучување на младите луѓе во животот на заедницата, личниот развој, начин на обучување и подучување

на млади, информирање, менторство, подучување и советување, стекнување неформално и информално искуствено учење, кое се случува во слободно време низ учество во забавни и волонтерски активности организирани за и од млади или друг начин на едукација на младите.

При изборот на младинска организација или организација на млади, предност ќе имаат Младински организации и Организации за млади кои постојат повеќе од 3 години.

**Член 6**

За функционирањето на Младинскиот центар, потребните финансиски средства се обезбедуваат од Буџетот на Општина Велес, а истите се предвидуваат со Програмата за млади во тековната година.

Исплатата на финансиските средства ќе се врши на избраната Младинска организација или Организација за млади.

**Член 7**

Избраната организација има обврска да доставува Годишен извештај за реализација на Програмата од претходната година и Програма за наредната година до Советот на Општина Велес.

**Член 8**

Градоначалникот на Општина Велес со избраната организација, ќе склучи Договор за регулирање на меѓусебните права и обврски во врска со работењето на Младинскиот центар во Велес.

**Член 9**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката со бр.25-3094/5 од 04.08.2021 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/21).

**Член 10**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски

Број 25-2397/18
22.04.2025 година
В е л е с

Доставено до:
- Градоначалник;
- Одделение за јавни дејности и
- Списи и архива.